Врз основа на член 21 и 22 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетска дејност (Сл.Весник на РМ бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), ДТУТ МАРИЈА ТРЕИД ДОО Велес, со седиште на ул.Никола Карев бр.19, Велес, го објавува следното

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

Се известува јавноста дека ДТУТ МАРИЈА ТРЕИД ДОО Велес на 14.03.2017 година достави Барање до Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија за менување и за продолжување на лиценца за вршење на енергетска дејност, трговија со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт-трговија со течен нафтен гас (ТНГ).

**Име односно назив на барателот:**
ДТУТ МАРИЈА ТРЕИД ДОО Велес, со седиште на ул.Никола Карев бр.19, Велес

**Вид на енергетска дејност:**
Трговија со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт-трговија со течен нафтен гас (ТНГ).

**Подрачје каде ќе се врши дејноста:**
Дејноста трговија со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт-трговија со течен нафтен гас (ТНГ), ќе се врши на територијата на Република Македонија.

**Опис на начинот, објектите и средствата за вршење на дејноста:**
Приемот и испораката на нафтениот дериват течен нафтен гас (ТНГ) ќе се врши преку 5 (пет) резервоара со волумен од по 100м3 и 1 (еден) од 600м3, или вкупно 1100м3, кои се во сопственост на ДТУТ МАРИЈА ТРЕДИ ДОО и се лоцирани во општина Велес, КО Оризари.

**Времетраење на лиценцата:**
Лиценцата е со времетраење од 10 години.

Начин и краен рок за доставување на предлози, мислења и сугестии во врска со барањето за менување и продолжување на лиценца кој не може да биде пократок од 5 дена на последното објавување на известувањето за барање во печат.

**Адреса на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија:**
ул.Македонија бр.25, палата Лазар Поп Трајков-6-ти спрат.

30.03.2017г. ДТУТ МАРИЈА ТРЕИД ДОО Велес